РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Универзитет СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ во Скопје
Факултет за информатички науки
и компјутерско инженерство
Бр. 03-1526/1
18.10 2024 год.
СКОПЈЕ

# Извештај на деканот

## Во мандатниот период 16.09.2023 - 15.09.2024

18.10.2024
Скопје

## Содржина


1 Вовед ... 4

2 Организација ... 6

2.1 Правилници и одлуки ... 6

2.2 Административни и стручни служби на факултетот ... 6

2.2.1 Секретар ... 6

2.2.2 Одделение за правни и општи работи ... 6

2.2.3 Одделение за студентски прашања и библиотечно работење ... 7

2.2.4 Одделение за финансиско, сметководствено и материјално работење ... 7

2.3 Компјутерски центар - национален центар за пресметување со високи перформанси и облак ... 7

3 Кадровска состојба ... 8

4 Промоција и перцепција ... 8

4.1 ФИНКИ како општествено одговорна институција ... 9

4.2 ФИНКИ во електронските медиуми ... 9

5 Инфраструктура ... 10

5.1 Простории на ФИНКИ ... 10

5.2 Зграда за ФИНКИ ... 10

5.3 Електронски сервиси на ФИНКИ ... 11

5.3.1 Нови електронски сервиси ... 11

6 Наставна дејност ... 12

6.1 Упис на нови студенти ... 12

6.2 Распределба на настава ... 12

6.3 Еквиваленции ... 13

6.4 Акредитација и реакредитација ... 13

6.5 Дипломирани студенти ... 13

6.6 Работа на дисциплинска комисија ... 13

7 Студенти ... 14

7.1 Стипендии за најдобрите ... 14

7.2 Поддршка на студенти од еднородителски семејства ... 14

7.3 Поддршка на работа на студентски активности ... 15

7.4 ФИНКИ студентско собрание (ФСС) ... 15

7.5 Настани за студентите организирани од ФИНКИ ... 15

8 Финансии ... 16

8.1 Инвестиции ..... 16
9 Наука и соработка ..... 16
9.1 Соработка со други Факултети и Универзитети ..... 16
9.1.1 Еразмус ..... 17
9.2 Стипендии за научно усовршување на вработените ..... 18
9.3 Меѓународни проекти ..... 18
9.4 Организација на конференции и школи ..... 19
9.5 Финансирање на научно истражувачки проекти ..... 19
9.6 Соработка со стопанството, институциите и апликативна дејност ..... 19
10 Проблеми, недостатоци ..... 20
11 Заклучок ..... 21

# 1 Вовед

Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство ја одмина својата 13-та година на постоење, и продолжи на својот патот кон развојот како еден од најуспешните факултети во државата. Големиот интересот за запишување на најквалитетните студенти во државата продолжи и годинава, иако се бележи пад од минатата година. Активностите во изминатата година придонесоа и до зголемениот интерес на странски студенти. Во таа насока, во учебната 2024/25 на факултетот се запишаат 766 бруцоши, со што ФИНКИ продолжи да биде најголем факултет во УКИМ и во Македонија.

Континуираниот успех на факултетот се должи на натчовечкиот ангажман на целокупниот кадровски потенцијал со кој располага факултетот, вклучувајќи ги професорите, асистентите, администрацијата и секако студентите. Нашата задача на координација на Факултетот преку тимската работа на Продеканот за настава, Продеканот за финансии и Продеканот за наука и соработка и Секретарот беше најмногу насочена кон обезбедување на подобри услови за работа, транспарентност во работата и секако позадоволни и поуспешни студенти. Во овој извештај би сакал да ја изразам и мојата огромна благодарност до сите кои во овој период придонесоа за развојот на ФИНКИ, особено продеканите.

Овој извештај ја опфаќа втората година од мандатот на деканот, во периодот 16.09.2023 до 15.09.2024 година. Во текот на оваа година од мојот мандат како декан, а согласно програмата за избор на декан, реализирани се некои од најважните потреби на Факултетот и тоа:

1. **Обезбедување нов голем амфитеатар за Факултетот**

Уреден е нов амфитеатар на ФИНКИ во салата на Машински факултет со капацитет за повеќе од 240 студенти. Зафатот се одвиваше во подолг временски период и притоа салата на Машинскиот факултет, со придружните објекти е пренаменета во амфитеатар и целосно реновирана. Воедно реновирани и преуредени се тоалетите во овој објекти и во фаза на уредување е и дополнителна сала за состаноци.

2. **Подобрување на условите во предавалните кои се користат од ФИНКИ и обезбедување на нови лаборатории.**

Во рамки на објектот на ТМФ обезбедени се 2 нови лаборатории (12 и 13) кои се соодветно уредени, а дополнително е реновирана и лабораторија 215. Подобрена е звучната изолација во лабораториите 200 (а, б, в). За потребите на лабораториите набавени се 60 десктоп компјутери и соодветни монитори со цел замена на старите компјутери.

Извршено е уредување и подобрување на условите во поголемите предавални (315 на ТМФ, Барака 2.2 и 3.2) со што е добиена поголема прегледност и поголем капацитет на истите.

3. **Подигање на свесноста за просторниот проблем на факултетот**

Една од целите поставени во програмата беше решавање на децениското отворено прашање за просторниот проблем на Факултетот. Во мандатниот период истото беше издигнато на највисоко ниво, при што активностите во јавноста беа насочени кон игнорирањето на сите напори од страна на Факултетот за привремени и трајни решенија. Во таа насока беа организирани трки и протести, како и медиумски настапи насочени кон надминување на проблемите во што е можно пократок рок.

И покрај напорите и бројните активности истите не вродија со посакуваните резултати. Во следната мандатна година ќе продолжиме со поинтензивни активности за постигнување на основните цели, просторни услови за достоинствено спроведување на наставата и образованието на идните лидери во државата.

4. **Промена на начинот на организација на наставата**

Како последица на ковид пандемијата, како и зголемувањето на бројот на студенти, а ограничени со просторни можности, Факултетот се соочуваше со потешкотии во организацијата на наставата. Од тие причини, вложувањата во нови простории, вложените напори за обезбедување на дополнителни простории од другите факултети, дадоа основ за реорганизација на наставата, со што се овозможува посоодветен и поорганизиран начин на одржување на истата.

5. **Зголемување на средствата кои Факултетот ги издвојува за ангажирање на подмладок**

Согласно потребите за унапредување на квалитетот на наставата, и вклучување на најдобрите магистранти и додипломци во спроведување на истата, Факултеот ја отвори својата врата на нови 9 демонстратори, 30 тутори и 2 демонстратори од индустријата. Со тоа се овозможува најдобрите студенти да станат дел од ФИНКИ и претставуваат основа за наш иден развој.

6. **Формирање на повеќе работни групи за унапредување на факултетот**

Во извештајниот период беа формирани работни групи за квалитет и визија кои работеа на анализа на проблемите со кои се соочува факултетот во насока на носење на предлог мерки за зголемување на квалитетот на наставата. Во истата насока беа избрани и лица задолжени за странските студенти и работа со подмладокот со цел надминување на бариерите со кои се соочуваат истите и насочување кон побрзо и поквалитетно работење.

7. **Дефинирање на нов модел за соработка со компаниите**

Во насока на продлабочување на соработката, како и вклучување на високо-растечката ИКТ индустрија во државата беше дефинирана програма за партнерство. Во рамки на истата се дефинираат можните модели на соработка, но воедно се дава можност компаниите да придонесат за развојот на ФИНКИ, пред се преку вложување во опрема, студентите и подмладокот.

# 2 Организација

## 2.1 Правилници и одлуки

Во периодот од 16.09.2023 до 15.09.2024 година се донесени повеќе правилници, одлуки и акти со кои се пропишува функционирањето на Факултетот, меѓу кои како побитни би ги истакнале

- Повеќе од сто Одлуки од Наставно научниот совет на Факултетот
- Повеќе од осумдесет Одлуки од Деканатската управа на Факултетот
- Правилник за соработка со индустрија

## 2.2 Административни и стручни служби на факултетот

Во извештајниот период стручните служби на Факултетот покрај тековните работи што произлегуваат од нивните права и обврски утврдени со Правилникот за организација и систематизација имаа значително зголемен обем на работа. Ова произлезе од барањата на Деканатот, согласно програмата за работа и од примената на новите закони и подзаконски прописи во одредени области.

### 2.2.1 Секретар

Подготвувани се материјали и одлуки на Наставно-научниот совет (18 седници) и на Деканатска управа (14 седници), исто така вршено е перманентно ажурирање на документацијата на Факултетот за учество на јавни повици за апликативни проекти; Водени се постапки за реизбор и избор во повисоко звање за повеќе од 16 лица.

Во извештајниот период направени се низа инспекциски надзори од Државниот просветен инспекторат како и инспекција Министерството за образование, Архив на Република Македонија, Државна агенција за заштита на личните податоци.

### 2.2.2 Одделение за правни и општи работи

Во текот на извештајниот период, распишани се околу 23 постапки за јавни набавки предвидени во годишните планови за јавни набавки.

Од спроведените 23 постапки, по вид на договор спроведени се 12 постапки за набавка на стоки, 3 постапки за градежни работи и 8 постапки за набавка на услуги.

Од аспект на сложеност и подготовка на техничката спецификација вклучувајќи го и процесот на реализација на набавката посебно можат да се издвои набавката за санација и адаптација на простории за држење на настава за потребите на Факултетот.

Од аспект на опрема за потребите на факултетот спроведени се 6 постапки, додека за набавки на услуги за авиопревоз се спроведени околу 20 – тина поединечни летови. Спроведени се околу 40 е-аукции преку Електронски систем за јавни набавки согласно Законот за јавни набавки.

### 2.2.3 Одделение за студентски прашања и библиотечно работење

Студентската служба е една од најоптоварените служби на Факултетот која опслужува над 5600 студенти на сите циклуси на студии. Во студентската служба по пат на прераспределување на вработени, моментално работат 5 лица. Во моментов службите со огромни напори успеваат навремено да ги извршуваат своите и дополнителните задачи.

### 2.2.4 Одделение за финансиско, сметководствено и материјално работење

Службата за сметководство е една од најкруцијалните служби. Службата во координација со Продеканот за финансии се грижат за обврски од сферата на финансиите на Факултетот. Служба за финансиско и сметководствено работење со голема помош од продеканот за финансии редовно и навремено ги извршува сите обврски кои се доверени.

## 2.3 Компјутерски центар - национален центар за пресметување со високи перформанси и облак

Одделение за ИКТ - Компјутерски центар на факултетот преставува основа за функционирање на Факултетот. Врз основа на поставената стратегија за развој, компјутерскиот центар на ФИНКИ претставува национална е-инфраструктура, чии сервиси се на располагање на целокупната истражувачка заедница во државата. Истата е основа и поддршка на многуте проекти и иницијативи, во кои ФИНКИ игра улога на национален координатор. Инфраструктурата, која делумно е обезбедена со средства на МОН, МЗ и други донатори, обезбедува и сервиси на државни институции до нивно преземање од страна на компетентна институција. Во таа насока, во компјутерскиот центар се вработени 6 инженери, чии компетенции се пред се во системското инженерство, со план за проширување и со сервисна компонента, со цел поддршка на развојот на факултетските и универзитетските електронски сервиси.

Во рамки на изминатата година, под раководство на новиот раководител на Компјутерскиот центар, беа развиени и надградени голем број на електронски сервиси, чија употреба ќе овозможи поедноставна реализација на процесите во Факултетот. Исто така ги одржува лабораториите на факултетот и е поддршка за функционирањето на поголем број на електронски сервиси за студентите и вработените на Факултетот, како и поддршка за научната работа на истражувачите од факултетот и пошироко. Компјутерскиот центар во изминатата година изврши надградба на голем дел од мрежната инфраструктура во податочниот центар, но и во мрежата на УКИМ, со што значително се зголемија капацитетите на истата. Исто така ФИНКИ обезбеди неколку алтернативни поврзувања кон Интернет преку донации со што во моментов покрај врската со УКИМ, ФИНКИ е поврзан и со интернет провајдерите Телеком, А1, Неотел, Телесмарт и Телекабел. Од неодамна во компјутерскиот центар на ФИНКИ се колоцирани и сервиси од големи провајдери на содржини, како и коренски именски сервери.

Во текот на изминатата година Факултетот продолжи со одржување и надградба на голем број системи во рамки на УКИМ како: централизиран систем за единствена најава интегриран со Eduroam и EduGAIN, Ризница на трудови, Систем за публикување на отворени списанија, Системот за учење на далечина iLearn, Интеграција на Office365 со iKnow како и хостирање и се грижи за системот iKnow. Во мандатниот период беше направено делумно поврзување на сметководствениот систем и системот Iknow, со што се овозможи електронско плаќање преку iknow системот од страна на студентите на факултетот.

# 3 Кадровска состојба

На Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство моментално има вработено вкупно 91 лица и хонорарно ангажирани лица одржување на хигиената. Од нив 71 се наставен кадар, а 20 лица се вработени во стручната и административна служба. Од вкупниот број лица како наставен кадар 2 лица се на платено отсуство. Вработени лица на неопределено време се: 39 редовни професори, 14 вонредни професори, 7 доценти, 11 соработници (асистенти, асистенти докторанди, лаборанти) и 3 лаборанти во компјутерски центар. Од учебната 2023/24 покрај 9 нови демонстратори беа ангажирани демонстратори од индустрија, лица ангажирани согласно Законот за високото образование.

Оваа година се спроведоа вкупно 16 постапки за унапредување на наставен кадар во повисоко звање.

# 4 Промоција и перцепција

Во изминатата година континуирано се работеше на промоцијата на ФИНКИ и градењето на јавното мислење и репутација на ФИНКИ. Во оваа насока беа преземени голем број на активности со силна поддршка на центрите за кариера и за нови студенти.

Од оваа година ФИНКИ беше присутен во повеќе специјализирани весници и портали. Во насока на промоција на новите студиски програми беа реализирани и неколку интервјуа на портали, како и отворен ден на факултетот организиран од Центарот за нови студенти. Отворениот ден на УКИМ се организираше на техничкиот кампус и ФИНКИ зеде активно учество.

ФИНКИ дополнително ангажираше и маркетинг агенција за да иницира кампања за промоција пред овогодинешните уписи.

Дополнително, за да се одржи долгорочна присутност во јавниот простор, беше иницирано формирање на тело за формирање и имплементација на стратегија за одржување на позитивната перцепција за ФИНКИ. Ова тело започна со работа и е во процес на донесување на оваа стратегија.

## 4.1 ФИНКИ како општествено одговорна институција

Во овој мандатен период ФИНКИ продолжи да се докажува како општествено одговорна институција преку реализација на проекти кои се од интерес за пошироката заедница во која егзистира. Во извештајниот период:

- Вработените на ФИНКИ активно придонесуваа во формирањето новите стратегии и законски решенија поврзани со дигитализација, сајбер безбедноста и развој на брзи и супер брзи електронски комуникациски мрежи.
- Вработените на ФИНКИ активно придонесуваа во процесот на дигитализација на јавните претпријатија и приватниот сектор преку здружување во дигитален иновациски хаб.

## 4.2 ФИНКИ во електронските медиуми

Интернет страницата на ФИНКИ заедно со facebook, linkedin и instagram профилот на ФИНКИ, работеа во текот на целиот извештаен период. Информациите поврзани со студиите, активностите и новите настани на ФИНКИ на овие страници се ажурираат редовно што овозможи тие да бидат редовно посетувани од страна на студентите на ФИНКИ, но и пошироката јавност. Во овој момент, просечно за тековниот месец, интернет страницата на ФИНКИ има просечно 10000 прегледи дневно. Интеракција со содржините на интернет страницата направиле преку 300000 лица.

Дополнително за помош при уписот на новите студенти и нивното прилагодување кон студиите, беше организиран Discord сервер на кој во живо се одговараа прашањата поврзани со конкурсот, уписите и почетокот на студиите.

Профилот на ФИНКИ на „Facebook“ има во просек околу 1000 отворања дневно, со преку 10000 луѓе до кои допреле содржините на профилот дневно. Интеракција со содржините на профилот направиле преку 190000 лица месечно. Поголем дел од вестите за активностите на ФИНКИ редовно се пренесуваат на неколку интернет портали како fakulteti.mk и it.mk.

# 5 Инфраструктура

## 5.1 Простории на ФИНКИ

Просторниот проблем продолжи да биде еден од најтешките проблеми со кој се соочува ФИНКИ. Овој проблем во тековното функционирање одзема големо количество на време, троши многу енергија, и го отежнува одвивањето на голем број од активностите на ФИНКИ.

Оваа година уреден е нов амфитеатар на ФИНКИ во салата на Машински факултет со капацитет за повеќе од 240 студенти. Зафатот се одвиваше во подолг временски период и притоа салата на Машинскиот факултет, со придружните објекти е пренаменета во амфитеатар и целосно реновирана. Воедно реновирани и преуредени се тоалетите во овој објекти и во фаза на уредување е и дополнителна сала за состаноци. Како и изминатата година, од голема помош во реализацијата на наставата се просториите во Педагошката академија при УКИМ каде на располагање е ставен амфитеатарот и повеќе помали училници.

Со ваквите договори ФИНКИ делумно го релаксираше просторниот проблем.

Голем дел од енергијата на деканатот се насочи и кон обезбедување на дополнителен простор во рамки на Техничкиот кампус, со иницијатива за преселба на Бирото за развој на образованието. И покрај големите ветувања и поддршка од различни инстанци во Владата, сепак сеуште не е реализирано ова наше барање и разговорите се во тек.

## 5.2 Зграда за ФИНКИ

Зградата која се гради во склоп на Општествениот кампус за потребите на ФИНКИ е застанат и сеуште не е реализирано продолжувањето на истата. Во насока на обезбедување на соодветен простор, а со оглед дека предвидениот објект е далеку од тековните и идните потреби на Факултетот, на иницијатива на деканот се извршија преговори за доделување на двата објекти кои се градат на име на ФИНКИ. Истата иницијатива иако беше позитивно поздравена, подоцна беше одбиена од страна на Факултетот за спорт и здравје. Во таа насока, Деканатот иницираше дискусија за промена на долгорочното решение за Факултетот пронаоѓање на друг објект за реализација на долгогодишното отворено прашање.

## 5.3 Електронски сервиси на ФИНКИ

Основните студентски сервиси се обезбедени преку iKnow електронскиот систем. Дополнително, интегрирано со овој систем, а за да се поедностави работењето на факултетот, воведени се повеќе електронски сервиси.

Како резултат на соработката на ФИНКИ со Microsoft обезбедено е бесплатно користење на сите развојни и канцелариски алатки на Microsoft за студентите и вработените на ФИНКИ. Дополнително обезбедени се и електронски сервиси (околина) за учење. За користење на е-сервиси на ФИНКИ поставен е централизиран автентикациски сервис кој од годинава е интегриран светската мрежа на е-идентитети EDUGAIN.

Дополнително во рамки на активностите на ФИНКИ обезбеден е пристап до следните лиценцирани производи:

- Autodesk
- VMWare
- JetBrains
- Oracle

Во рамките на ФИНКИ успешно се користи Moodle системот за управување со учење.

Преку учеството во „eduroam" иницијативата, ФИНКИ нуди и едноставно најавување на било која универзитетска безжична мрежа (на глобално ниво) за своите вработени и студенти.

### 5.3.1 Нови електронски сервиси

**Информациски систем за распределба на настава:** Беше развиен систем кој го помага процесот на распределба на настава и овозможува транспарентен и ажурен преглед на алокацијата на наставниот кадар на предметите. Системот овозможи автоматско поврзување на процесите за изразување на **преференци за предмети**, правење **распределба**, **формирање групи** по предметите, експортирање на **податоци за распоред** и иницијализација на **декларациите**.

**Унифицирана платформа за сервиси на ФИНКИ**: Информацискиот систем е дел од поширока палета на системи кои треба да го оптимизираат целокупното функционирање на факултетот. Овие системи опфаќаат:

- **Систем за распределба**: Системот опишан погоре, кој е веќе **во продукција**.
- **Систем за акредитации**: Систем кој се користи за внес на акредитациите, студиските програми и предметите. Системот се користи за приказ на студиските програми и предметите на сајтот. Системот е **во продукција** и континуирано се надградува.
- **Консултации**: Надграден и подобрен систем за закажување на консултации. Системот е во **фаза на финално тестирање**.

- **Молби:** Систем за поднесување на молби од страна на студентите. Системот е во фаза на **тестирање**.
- **Дисциплински**: Систем кој ќе биде подршка и архива на сите дисциплински постапки. Системот е **во фаза на изработка**.
- **Магистерски**: Систем за поддршка на процесот на дефинирање, закажување и изработка на магистерски. Системот е во **фаза на финално тестирање.**
- **Резултати:** Систем за централизирана објава и следење на објавените резултати. Системот е во **фаза на изработка**.
- **Проекти:** Систем кој ќе го подржи процесот за објава, пријавување и прифаќање на проекти. Системот ќе биде проширен за да овозможи и поддршка за меѓународните проекти на кои аплицира кадарот на ФИНКИ. Системот е во **фаза на изработка.**
- Систем за електронска достава на потврди до ЈСП и нивна валидација
- Систем за достава на потврди за редовен студент по електронски пат за сите студенти на ФИНКИ.

# 6 Наставна дејност

Наставата е една од нашите основни дејности. Нејзиното квалитетно изведување директно влијае за сликата на ФИНКИ и на неговата позиција во околината. Квалитетната настава претставува посебен предизвик, пред се поради големите уписни квоти.

## 6.1 Упис на нови студенти

Оваа година се запишани **741 студенти на прв циклус на студии**. Дополнително, расте трендот за упис на странски студенти и досега имаме 45 **нови странски студенти,** а **20** продолжија од минатата година.

Спроведувањето на уписите беше овозможено со сесрдна помош од страна на сите вклучени соработници, административни служби и наставници, поради што процесот на запишување помина без ниту еден посериозен проблем. ФИНКИ може да се пофали и со најбрзата обработка на уписните документи од сите факултети на УКИМ.

На **вториот циклус** на студии, во учебната 2023/2024 досега се запишаа вкупно **63 студенти**. Дополнително, од годинава е активен **CyberMacs** проектот, преку кој имаме **11 интернационални студенти** на насоката Security, cryptography and codding.

Во учебната 2023/2024 се пријавени **4 студенти на докторски студии**. Уписот за оваа учебна година сеуште е во тек.

## 6.2 Распределба на настава

Со оглед на важноста на организацијата на наставната дејност на ФИНКИ, големо внимание беше посветено на распределбата на наставата. Овој процес е особено сложен,

имајќи предвид дека на ФИНКИ во моментов постојат 4 активни акредитации на наставните планови, една од почетокот на ФИНКИ од 2011, една од 2013 година, една од 2018 година и најновата од 2023 година. За подобра организација на овој процес, еквивалентните предмети од различните акредитации беа групирани заедно.

За зимскиот семестар 2024/25 беше променет начинот на правење на распределбата со цел поефикасно искористување на просторните ресурси и овозможување на целосно физичка настава. Новиот начин за распределба подразбира намалување на бројот на групите и нивно распределување во просторија која е соодветна. Ова придонесе до намалување на бројот на групите и целосно покривање на наставата со физичко присуство.

Дополнително, континуирано беше ажуриран и надградуван информацискискиот систем raspredelba.finki.ukim.mk кој го помага процесот за вршење на распределбата и ќе овозможи поажурна и потранспарентна организација на наставата за во иднина. Во рамките на системот се унифицираа предметите од различните акредитации кои се одржуваат заеднички.

## 6.3 Еквиваленции

Во овој тековен период, се започна процесот на префрлање на студентите од старите акредитации од 2011 и 2013 во активни акредитации. Како последица на овој процес, се менува системот за еквиваленции и се надградува iKnow за да може истите навремено да се процесираат во наредните години. Сите студенти од овие 2 еквиваленции треба или да завршат во текот на оваа учебна година, или пак да се префрлат на некоја од новите програми.

## 6.4 Акредитација и реакредитација

Во изминатата година немавме процес на акредитација.

## 6.5 Дипломирани студенти

Во текот на извештајниот период своите студии на ФИНКИ ги завршиле:

- 325 кандидати на првиот циклус на студии
- 22 кандидати на вториот циклус и се стекнале со звањето магистер
- 5 кандидати одбраниле докторат и се стекнале со звањето доктор на науки.

## 6.6 Работа на дисциплинска комисија

Во извештајниот период 16.9.2023-15.9.2024 г. комисијата работеше во состав:

проф. д-р Весна Димитриевска Ристовска, претседател
м-р Влатко Спасев, член
Стефанија Трифуновска, член.

Во извештајниот период 16.9.2023-15.9.2024 г. одржани се вкупно 7 состаноци на Дисциплинската комисија. При тоа до имаше поднесени 7 Извештаи за сторена дисциплинска повреда од студенти на 5 различни курсеви, односно испити.

Беа пријавени вкупно 61 (4+6+19+1+1+25+5) студенти за сторена дисциплинска повреда, и по одржаните состаноци и сослушувањата на студентите, беа изречени вкупно 53 дисциплински казни.

# 7 Студенти

Студентите се нашите партнери на факултетот. Ние заеднички го градиме ФИНКИ во успешна организација со успешни студенти, а со тоа и успешни професори.

## 7.1 Стипендии за најдобрите

ФИНКИ е факултет за најдобрите студенти. Во оваа насока, Факултетот им даде целосна поддршка на најдобрите матуранти, со тоа што им овозможи бесплатно студирање на сите матуранти кои имаат освоено прва, втора или трета награда на некој од државните натпревари по информатика, математика и физика, како и на сите кандидати кои ќе освојат прва, втора или трета награда на меѓународен натпревар од истите области. Стипендијата на овие студенти важи за сите студиски години, ако притоа студентите имаат просек над 9 и на време ги завршуваат студиите. По овој основ се доделени тринаесет стипендии. Покрај ова и оваа учебна година најдобрите 10 матуранти добија стипендија за првата година која ја обезбеди УКИМ.

Во оваа насока е и активноста на ФИНКИ за работа со талентирани студенти и нивен ангажман во изведување на лабораториски вежби, пракса која даде одлични резултати во минатото а се надеваме дека ќе продолжи и во иднина.

## 7.2 Поддршка на студенти од еднородителски семејства

ФИНКИ има посебна програма за студенти од ранливи категории на додипломски студии. За учебната 2023/24 година беа делумно ослободени (со половина школарина) 100 студенти - деца со еден родител. Вкупниот буџет за сите ослободувања изнесува 16 800 евра.

## 7.3 Поддршка на работа на студентски активности

Во извештајниот период ФИНКИ даде поддршка на учеството на своите студенти на Приматијадата 2024 и Дигит 2024.

ФИНКИ продолжи со поддршка на студентското собрание на ФИНКИ, како и учеството на студенти на ФИНКИ во работата на повеќе студентски организации како што се: ИАЕСТЕ, БЕСТ, EESTEC, АИСЕК, СП ФИНКИ, и др.

## 7.4 ФИНКИ студентско собрание (ФСС)

Студентското собрание на ФИНКИ во континуитет е партнер со кој заеднички ги решаваме сите проблеми што студентите ги имаат во текот на студиите.
Со нивно огромно залагање и ентузијазам и со целосна поддршка од факултетот ФСС во овој период ги реализира следниве активности:

- ,,Контакт" - саем за работа и пракса
- две изданија на ,,DIGIT" – настан за графика
- приматијада
- предавања од страна на стручни предавачи на различни области

ФСС беше голема помош при организација на Уписите на прв циклус на студии, Првиот академиски час, прославата на Роденденот на ФИНКИ и Отворениот ден на ФИНКИ. Воедно ФСС самостојно и успешно ја организираше Ориентациската недела за новите студенти на ФИНКИ.

## 7.5 Настани за студентите организирани од ФИНКИ

Во извештајниот период беше реализиран отворен ден на ФИНКИ што беше посетен од голем број матуранти. Исто така се посетија поголем број на средни училишта во Македонија

Првиот час на ФИНКИ за учебната 2023/2024 година се одржа на на 1 октомври 2024 година, од 10:00 до 12:00 часот, на платото пред Ректоратот.

Во извештајниот период беа организирани повеќе од 20 предавања од врвни експерти од индустријата и академијата на теми интересни за студенти на ФИНКИ.
Меѓу настаните кои беа организирани ги издвојуваме:

- Unija Challenge 2023 натпревар, објавен на 20.09.2023
- Повик на студентите за Хакирај за животната средина, објавен на 20.09.2023
- Серија предавања Game art @ Скопје, одржани на 29.09.2023

- Повик за Предлог-решение за решавање на општествен проблем – загадувањето на воздухот во Скопје, од 25.9 до 11.11.2023 година
- Гостинското предавање на тема Heart monitoring of industrial tooling machines ќе се одржи на 31.10.2023 со почеток од 13:00 часот во Амфитеатарот на Финки од страна на Игор Томовски (Data engineer) и Атанас Ивановски (Operations manager) од Kessler.
- CleanBREATHE Workshop, 30.10.2023
- Панел дискусијата е организирана од страна на ФИНКИ во соработка со Startup Macedonia, во рамките на Глобалната недела на претприемништво (ГНП) која се одржува од 13ти до 19ти ноември
- БЕСТ Хакатон, 24.12.2023
- Повикот за ИноКамп 3, 23-25 февруари 2024
- Google Women Techmakers Community настан "Impact the Future - From Earth, Space, and Beyond", 20.04.2024
- Студентски натпревар TEAM3WIN, објавен 18.03.2024
- Информација за натпревар Balkathon 5.0
- Летна школа за сајбер безбедност на ФИНКИ, 26-27 јуни 2024

# 8 Финансии

## 8.1 Инвестиции

Во текот на извештајниот период, распишани се околу 23 постапки за јавни набавки предвидени во годишните планови за јавни набавки.

Од спроведените 23 постапки, по вид на договор спроведени се 12 постапки за набавка на стоки, 3 постапки за градежни работи и 8 постапки за набавка на услуги.

Од аспект на сложеност и подготовка на техничката спецификација вклучувајќи го и процесот на реализација на набавката посебно можат да се издвои набавката за санација и адаптација на простории за држење на настава за потребите на Факултетот.

Од аспект на опрема за потребите на факултетот спроведени се 6 постапки, додека за набавки на услуги за авиопревоз се спроведени околу 20 – тина поединечни летови. Спроведени се околу 40 е-аукции преку Електронски систем за јавни набавки согласно Законот за јавни набавки.

# 9 Наука и соработка

## 9.1 Соработка со други Факултети и Универзитети

ФИНКИ активно соработува со голем број на факултети и универзитети во странство (повеќе од 100 институции) и во Македонија (сите државни универзитети и одреден број на приватни универзитети) преку учество во: изготвување на предлог проекти, реализација на заеднички проекти, размена на студенти како и заедничко организирање на работилници и конференции.

ФИНКИ негува интензивна соработка со останатите единици на УКИМ. Заедно со Машинскиот Факултет во Скопје, Технолошко металуршкиот Факултет, Земјоделскиот институт, БАУ, Фондацијата МИР и Стопанската Комора, ФИНКИ го води конзорциумот ДигитМак - дигитален иновациски хаб, кој почна да функционира од оваа година и веќе има повеќе активности во насока на поддршката на дигитализацијата на компаниите и јавниот сектор.

ФИНКИ започна со имплементација на новата програма за партнерство и до сега има потпишано договори со 25 компании од кои:

- 1 платинест партнер
- 4 златни партнери
- 8 сребрени партнери
- 12 обични партнери

ФИНКИ е во постојани преговори со нови компании кои се заинтересирани за програмата за партнерство, за која се очекува зголемен интерес во идниот период.

### 9.1.1 Еразмус

Во извештајниот период успешно беа реализирани повеќе активности и задачи поврзани со програмата за мобилност на студенти и вработени. Во продолжение следува приказ на резултатите од следните извршени активности:

1. Обработени беа Ерасмус+ апликации од студенти на ФИНКИ:
   - Вкупен број на примени апликации: 8;
   - Вкупен број на одобрени апликации: 6 (2 студенти не беа рангирани поради некомплетни документи и ја повлекоа апликацијата)
     - Тип на мобилност: студентска мобилност за студирање;
     - Дестинации: Љубљана, Словенија; Марибор, Словенија; Риjека, Хрватска; Измир, Турција; Виена, Австрија.
2. Примени беа 5 странски студенти:
   - 4 студенти (од Германија 2 студенти и од Романија 2 студенти) на мобилност за студирање;
   - 1 студент (од Финска) на мобилност за пракса на ФИНКИ.
3. Обработени беа апликации од вработени на ФИНКИ:
   - Вкупен број на апликации примени од академски и административен кадар: 1;
   - Вкупен број на одобрени апликации: 1 за тип на мобилност за предавање (академски кадар) со дестинација во Измир, Турција.
4. Реализирани беа престои на студенти и вработени на ФИНКИ:
   - Студентски престои: Реализирани се 5 престои на ФИНКИ студенти на партнерските универзитети за мобилност за студирање, со успешни

академски резултати и извештаи за завршените семестри. 1 студент со одобрена апликација се повлече и не го реализираше престојот.

- Престој на вработен: Реализиран е 1 престој на вработен на ФИНКИ за мобилност за предавање со успешни предавања на странскиот универзитет.

5. Организирани беа консултации и поддршка за апликантите:
   - Индивидуални консултации: Направени се повеќе од 20 индивидуални консултации за поддршка при пополнување на апликации и подготовка на потребните документи.
   - Постигната е континуирана комуникација со партнерските универзитети за координација на процесот на мобилност.

Во текот на периодот 16.09.2023 – 15.09.2024, беше реализирана значајна активност во насока на успешно спроведување на програмата Еразмус+, со што беше овозможена мобилност на студентите и вработените кон различни европски универзитети. Препорачувам за следниот период да се зголеми фокусот на промоција на програмата, со цел да се поттикне уште поголем интерес, особено за мобилностите за пракса и тренинг. Исто така, препорачувам да се разгледаат можности за зголемување на дозволените места и финансиските средства за мобилност на вработените.

## 9.2 Стипендии за научно усовршување на вработените

Согласно законските одредби, факултетот гради политика на финансиска поддршка на нашите асистенти докторанти за покривање на трошоците на нивните студии на ФИНКИ. Во оваа насока ФИНКИ ги стипендира и сите вработени во целосен износ за студирање и научно усовршување на Факултетот.

## 9.3 Меѓународни проекти

Во извештајниот период вработени на ФИНКИ учествувале или координирале 11 меѓународни проекти од различни програми (H2020, Horizon Europe, NATO, Еразмус+, билатерални и.т.н.):

- H2020 - NI4OS-Europe National Initiatives for Open Science in Europe,
- H2020 - EGI-ACE EGI Advanced Computing for EOSC
- H2020 - EuroCC
- H2020 - EOSC Future
- BMBF, DLR - Blended REsearch on Air pollution using Technical and Educational solutions - CleanBREATHE
- Erasmus mundus - CyberMACS- Master of Applied Cybersecurity
- Horizon Europe - Skills4EOSC Skills for the European Open Science Commons: Creating a Training Ecosystem for Open and FAIR Science

- Horizon Europe - GN5-1
- NATO SPS - SP4Life
- Digital Europe - EuroCC2
- Mobility of higher education students and staff supported by external policy funds

ФИНКИ обезбеди техничка поддршка секогаш кога тоа беше потребно. Во овој период професорите од ФИНКИ поднесоа повеќе од 10 нови апликации за меѓународни проекти.

## 9.4 Организација на конференции и школи

ФИНКИ беше главен организатор на Конференцијата за информатика и информатички технологии CiiT 2023, што се одржа во Крушево, во 04-06 Мај 2023. Истата беше и одлична можност за повторно заедничко дружење по пандемијата.

Исто така, во ко-организација со здружението ИКТ-АКТ, ФИНКИ беше организатор на меѓународната конференција ICT Innovations 2023, која се одржа од 24.09 – 26.09.2023 во Охрид. Сите прифатени целосни трудови ќе бидат вклучени во Зборникот за ICT Innovations 2023, кој ќе биде објавен од Springer во серијата за комуникации во компјутерски и информациски науки (CCIS). Зборникот на конференцијата е индексиран во Web of Science: Conference Proceedings Citation Index (CPCI), SCOPUS, SCImago, DBLP, Google Scholar, EI-Compendex и Mathematical Reviews.

Прифатените кратки трудови ќе бидат објавени во веб зборниците на конференцијата ICT Innovations 2023.

ФИНКИ беше домаќин и на Македонската Олимпијада по Информатика како и на државниот натпревар по Информатика.

## 9.5 Финансирање на научно истражувачки проекти

Изминатата година ФИНКИ целосно финансираше 36 интерни научно-истражувачки проекти и 1 стручно истражувачки проект во кои главни истражувачи беа вработени на ФИНКИ. Како резултат на тие проекти, објавени се поголем број на научно истражувачки трудови во меѓународни конференции и списанија. Во овој период се спроведува и одлуката факултетот да финансира котизации за конференции или списанија до 30000 денари годишно за секој вработен.

## 9.6 Соработка со стопанството, институциите и апликативна дејност

Во извештајниот период ФИНКИ потпиша формални договори за соработка со повеќе од 30 дополнителни компании, државни институции и невладини организации. Договорите обезбедија активна соработка што резултираше со голем број на огласи за пракси и вработување за студентите на ФИНКИ (во просек по еден неделно на ниво на цела извештајна година). ФИНКИ има редовни состаноци со голем број на компании и институции од земјата и во странство.

Со неколку македонски компании се направија комерцијални договори за отстапување на хостинг простор на серверите од ФИНКИ.

Во соработка со партнери од стопанството беа обезбедени спонзорства за ФИНКИ во вредност од 5000 EUR, делумно преку моделот за брендирање на лаборатории, а делумно со слободни донации. Исто така беа остварени средби со Continental AG, IW Connect, Halkbank, RLDatix и други поголеми компании со кои беше дискутирана можната соработка со ФИНКИ на повеќе полиња.

Факултетот во соработка со вработените, учествуваше во имплементација на повеќе апликативни проекти согласно правилниците на Факултетот.

Факултетот изготви нова форма на соработка со компаниите која ќе стане активна од 01.01.2024 година.

# 10 Проблеми, недостатоци

Во текот на овој мандатен период се соочивме со доста предизвици кои активно ги адресиравме и работевме на нивното разрешување. Деканатот интензивно се ангажираше за да ги обезбеди најдобри услови за функционирање на факултетот, насочувајќи го својот фокус кон организацијата на наставата, а истовремено и кон јакнење на капацитетите на факултетот за научно-истражувачка и апликативна дејност. Иако се соочувавме со просторни предизвици, активно бараме алтернативни решенија. Притоа, разбираме дека засилената поддршка од асистенти и административен кадар е клучна, и затоа интензивно работиме на зголемување на нивниот број.

Во изминатиот период деканатот активно работеше на дефинирање и акредитација на новите студиски програми за стручни студии, кои се први од ваков тип на државните универзитети и на дефинирањето на начинот на нивното изведување.

Во таа насока ФИНКИ сеуште се соочува со предизвици во однос на ораганизацијата на наставата, пред се во насока на навремено прибирање на податоци за навремена распределба и распоред. Во оваа насока започна со имплементација информациски систем, со кој дополнително ќе се оптимизира процесот на правење распределба и распоред, што е можно порано пред почетокот на семестарот.

Септември и октомври се месеци во кои се одвиваат голем број на паралелни процеси, како што се уписи во прв/втор/трет циклус, упис на семестар, префрлање на студенти од други факултети, промени на студиски програми, распределба, распоред и низа други. Поради ова, се соочуваме со недостаток на ресурси во службите и продеканот за настава е тесно грло во многу од овие процеси. Во таа насока ќе работиме на редефинирање на овие процеси со цел да се овозможи нивно непречено организирање.

# 11 Заклучок

Периодот на кој се однесува овој извештај беше првата година од мандатот на новиот деканат. Беше напорно како за деканатската управа, така и за сите вработени, и бараше разбирање од сите вработени на факултетот. Тоа беше период во кој продолжија напорите за враќање во нормала на работата на факултетот, како и понатамошен развој на голем број аспекти на факултетот. Секако беше и период во кој со задоволство работевме на развојот на ФИНКИ.

Клучни придобивки во работата беа подобрување на:

- **условите за работа:** обезбедување на дополнителен простор во рамки на Технолошкиот кампус;
- **финансиите:** активно партиципирање на државата и индустријата во финансиските потреби на факултетот;
- **наставни програми:** подобрување на постојните и воведување на нови студиски програми;
- **нови електронски сервиси:** подобрување на процесите со воведување на автоматизација и поефикасно управување со процесите на факулетот;
- **подмладокот:** активната комуникација со студентите придонесе кон зголемување на интересот за демонстратори и демонстратори од индустријата и
- **развојот на науката:** активно се поддржуваат вработените во процесот на аплицирање на повиците од меѓународните проектни програми.

Слободно може да се заклучи дека ФИНКИ е етаблиран како факултет препознатлив по својата успешност во развојот. Иако соочен со многу предизвици, успешно ги надминува и прераснува во институција која го има заслуженото место во универзитетот и државата. Тој е модел за другите во поглед на едукативните процеси и научните активности.

Скопје 24.10.2024

проф. Д-р Боро Јакимовски
ДЕКАН